# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 11 | Вторник, 18 јули 2006 год. |
|---|---|

**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица** Стр.

**92.** **Одлука** за донесување на Планот за измени и дополнувања на Генералниот урбанистижки план на град Струмица…. 154

**93.** **Програма** за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица за 2006 година ……. 154

**94.** **Одлука** за изменување на Одлуката за поставување спомен - обележје на бранителите на Република Макадонија .. 157

**95.** **Заклучок** за давање согласност на локација за изградба на фонтана ………. 158

**96.** **Одлука** за давање согласност на Одлуката за висината на цени за издавање на продажни места и други пазарни услуги ……………………………… 158

**97.** **Одлука** за давање согласност на Одлуката за висината на цени за вршење на погребни услуги на градски гробишта – Струмица …………………… 159

**98.** **Одлука** за давање согласност на Одлуката за висината на цени за вршење на погребни услуги на градски гробишта – Струмица по барање на странка……………………..…………… 159

**99.** **Одлука** за давање согласност на Статутот на Дом за деца и млади “Благој Мучето” Струмица ………………… 159

**Градоначалник на општина Струмица**

**100.** **Решение** за избор на директор на ОУ "Никола Вапцаров" – Струмица ……… 160

**101.** **Решение** за избор на директор на ОУ "Видое Подгорец"-Струмица ………….. 160

**102.** **Решение** за избор на директор на ОУ "Св. Кирил и Методиј" с. Дабиље - Општина Струмица …………………….. 161

**103.** **Решение** за избор на директор на ОУ "Даме Груев"- с. Куклиш, Општина Струмица …………………………………. 162

**104.** **Решение** за избор на директор на ОУ "Герас Цунев"- с. Просениково, Општина Струмица …………………………………… 162

**105.** **Решение** за избор на директор на ОУ "Маршал Тито"- Струмица ………………… 163

**106.** **Решение** за избор на директор на ОУ "Маршал Тито" - с. Муртино, Општина Струмица …………………………………… 163

**107.** **Решение** за избор на директор на ЛУБ “Благој-Јанков Мучето” – Струмица ……. 164

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на Планот за измена и дополнување на генералниот урбанистички план на град Струмица за плански период 2006-2020

1. Се објавува Одлуката за донесување на Планот за измена и дополнување на Генералниот урбанистички план на град Струмица за плански период 2006-2020, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 17.07.2006 година.

Број 08- 4826/2 Градоначалник
18.07.2006год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.........................

**92.**

Врз основа на член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 51/05) и член 20 став 1 точка 6 од Статутот на општина Струмица - пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 17.07.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување на Планот за измена и дополнувае на Генералиот урбанистички план на град Струмица за плански период 2006-2020**

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Планот за измена и дополнување на Генералиот урбанистички план на град Струмица, плански период 2006-2020.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Планот за измена и дополнување на Генералиот урбанистички план на град Струмица, плански период 2006-2020.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-4826/1 Совет на општина Струмица
18.07.2006 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

.........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2006 година

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2006 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 17.07.2006 година.

Број 08- 4827/2 Градоначалник
18.07.2006год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.........................

**93.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 8 од Статутот на општина Струмица-пречистан текст ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 17.07.2006 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2006 година**

Член 1

Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица за 2006 година ("Сл. гласник на општина Струмица" бр 17/05) се менува, дополнува и гласи:

**ФА-Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** износот од 42.539.000,оо денари се заменува со износот 41.157.668,оо денари.

**Под а) Изградба на улици и други инфраструктурни објекти** се менува и гласи:

| Р.бр. | ОБЈЕКТ | Површина | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Ул."Новопроектирана" целосна изведба | 500 м’ | 12.000.000,00 |
| 2. | Ул."Ванчо Китанов"-"Мирче Ацев" | 110 м’ | 400.000,00 |
| 3. | Дел од ул."Киро Абрашев" бетонирање | 20 м’ | 58.000,00 |
| 4. | Дел од ул."Братство Единство" целосна изв. | 140 м’ | 3.000.000,00 |
| 5. | Дел од ул."Браќа Минкови" | 50 м’ | 500.000,00 |
| 6. | Дел од ул."Димитар Цветинов" | | 850.000,00 |
| 7. | Дел од ул."Младинска" | | 80.000,00 |
| 8. | Игралиште "Шпики" | | 200.000,00 |
| 9. | Игралиште во IV урбана заедница | | 300.000,00 |
| 10. | Џеб на ул."Цар Самоил" | 60 м’ | 70.000,00 |
| 11. | Кружен тек "Ленинова"-"Климент Охридски" | | 1.700.000,00 |
| 12. | Ул."Панче Пешев" втор слој асфалт | | 550.000,00 |
| 13. | Џеб помеѓу хотел "Пелагонија" и објекти | 200 м2 | 400.000,00 |
| 14. | Џеб на "Младинска" од куќен бр.66 | 500 м2 | 500.000,00 |
| 15. | Скали помеѓу ул."М.Тито" и "11ти Септември | | 110.000,00 |
| 16. | Дел од ул."Кр.Република" кај кожара | | 360.000,00 |
| 17. | Ул."Е.Поп Андонов" со "11ти Септември" | 300 м2 | 470.000,00 |
| 18. | Ул."Бошко Буха" | | 100.000,00 |
| 19. | Ул."Стив Наумов" втор слој асфалт | | 850.000,00 |
| 20. | Улица "Партизанска" | | 500.000,00 |
| | **Вкупно :** | | **22.998.000,00** |

**Под б)-Изградба на тротоари** се менува и гласи:

| Р.бр. | ОБЈЕКТ | Површина | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Ул."Братство Единство" | 600 м2 | 350.000,00 |
| 2. | Ул."Младинска" спроти нова болница | 200 м2 | 200.000,00 |
| 3. | Ул."М.Х.Јасмин" | 600 м2 | 609.668,00 |
| 4. | Бул."М.Тито" пред ЈП за становање | 1000м2 | 700.000,00 |
| 5. | Ул."Страшо Пинџур" | 1000 м2 | 750.000,00 |
| 6. | Ул."М.Тито" од топчето до ЕСМ | 800 м2 | 750.000,00 |
| 7. | Ул."Панче Пешев" | 150 м2 | 230.000,00 |
| 8. | Ул."Ѓорѓи Трајков" | | 320.000,00 |
| 9. | Ул."Ленинова" | | 210.000,00 |
| | **Вкупно :** | | **4.119.668,00** |

**Под в) - Расчистување на имотно- правни односи**

Зборовите во реден број 4 ул. “Гоце Делчев” (Агроремонт)” се заменуват со “ ул. “Вардарска”.

Во реден број 6 зборовите ул. “Димитар Влахов” се заменуват со зборовите “ Ободен канал за заштита на град Струмица од надворешни површински води”.

Износите во денари потребни за реализација остануваат непроменети.

**ФД-Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци)** износот од 8.208.000,оо денари се заменува со износот 10.000.000,оо денари.

**Под а) Изградба на улици и локални патишта во градот и населените места** се менува и гласи:

| Р.бр. | ОБЈЕКТ | Површина | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Ул.во с.Дабиле-втор слој асфалт | 1000 м2 | 600.000,00 |
| 2. | Ул.во с.Куклиш - тампон со асфалт. | 1500 м2 | 1.000.000,00 |
| 3. | Ул.во с.Банско | 750 м2 | 950.000,00 |
| 4. | Улица во с.Муртино | 1200 $м^2$ | 1.200.000,00 |
| 5. | Улица во с.Вељуса | 350м’ | 1.190.000,00 |
| 6. | Улица во с.Просениково | | 560.000,00 |
| | **Вкупно :** | | **5.500.000,00** |

**Под б) Изградба на тротоари** се менува и гласи:

| Р.бр. | ОБЈЕКТ | Површина | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1. | с.Дабиле | 1164 м2 | 1.700.000,00 |
| 2. | с.Добрејци | 960 м2 | 1.400.000,00 |
| 3. | с.Муртино | 600 м2 | 700.000,00 |
| | **Вкупно :** | | **3.800.000,00** |

**Се додава ново под в) Изградба на игралишта**

| Р.бр. | ОБЈЕКТ | Површина | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Игралишта во с.Куклиш и с.Костурино | | 700.000,00 |
| | **Вкупно :** | | **700.000,00** |

| | |
|---|---|
| **ФД ВКУПНО :** | **10.000.000,00** |

**Ј2 - Одведување и прочистување на отпадните води**
износот од 2.800.000,оо денари се заменува со износот 2.100.000,оо денари.

| Р.бр. | АКТИВНОСТ | Површина | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Чистење на отворен канал "Св.Илија" | 2000 м’ | 0,00 |
| 2. | Чистење на канал К0 до "Кр.Република" | 2100 м’ | 2.100.000,00 |
| | **Вкупно :** | | **2.100.000,00** |

**ЈГ - Изградба на системи за водоснабдување -**
износот од 4.800.000,оо денари се заменива со износот 10.000.000,оо денари.

| Р.бр. | ОБЈЕКТ | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Систем за водоснабдување во с.Баница | 3.500.000,00 |
| 2. | Систем за водоснабдување во с.Банско | 1.500.000,00 |
| 3. | Систем за водоснабдување с.Габрово | 5.000.000,00 |
| | **Вкупно :** | **10.000.000,00** |

**ЈИ - Изградба на систем за одведување и прочистување на отпадни води-**
износот од 3.000.000,оо денари се заменива со износот 1.500.000,оо денари.

| Р.бр. | ОБЈЕКТ | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Ул."Климент Охридски" (Ф) | 1.000.000,00 |
| 2. | с.Куклиш | 0,00 |
| 3. | Подигање на шахти | 500.000,00 |
| | **Вкупно :** | **1.500.000,00** |

**ЈМ - Паркови и зеленило (капитални расходи) -**
износот од 4.500.000,оо денари се заменива со износот 4.000.000,оо денари.

| **Р.бр.** | **АКТИВНОСТ** | **Износ во денари** |
|---|---|---|
| 1. | Уредување на трим патека Св.Илија | 3.500.000,00 |
| 2. | Уредување на плоштади | 500.000,00 |
| | **Вкупно :** | **4.000.000,00** |

Член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-4827/1 Совет на општина Струмица
18.07.2006 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за поставување на спомен - обележје во чест на бранителите на Република Македонија 2001

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за поставување на спомен - обележје во чест на бранителите на Република Македонија 2001, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 17.07.2006 година.

Број 08- 4829/2 Градоначалник
18.07.2006год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..................

**95.**

Врз основа на член 18 од Законот за меморијални споменици и спомен-обележја ("Сл. весник на РМ" бр. 66/04) и член 20 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 17.07.2006 год, донесе

**О д л у к а**
**за изменување на Одлуката за поставување на спомен - обележје во чест на бранителите на Република Македонија 2001**

1. Во Одлуката за поставување на спомен – обележје во чест на бранителите на Република Македонија 2001 ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/03) зборовите "и ул. "Братство Единство" во рамките на утврдената зелена површина", се заменуваат со зборовите "пред колективната станбена зграда број 18."

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавуваето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-4829/1 Совет на општина Струмица
18.07.2006 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

..........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за давање согласност на локацијата за поставување и изградба на фонтана

1. Се објавува Заклучокот за давање согласност на локацијата за поставување и изградба на фонтана, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 17.07.2006 година.

Број 08- 4830/2 Градоначалник
18.07.2006 год. на општина Струмица
Ст р у м и ц а Зоран Заев с.р

...................

**95.**

Врз основа на член 18 од Законот за меморијални споменици и спомен-обележја ("Сл. весник на РМ" бр. 66/04) и член 20 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица " бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 17.07.2006 год, донесе

**З а к л у ч о к**

1. Се дава согласност на локацијата на кружниот тек на булеварите "Маршал Тито", "Гоце Делчев" и ул. "Балканска" за поставување и изградба на фонтана.

2. Со денот на влегување во сила на овој Заклучок престанува да важи Заклучокот број 07-1036/1 од 07.11.2002 година ("Сл. гласник на општина Струмица" број 6/02).

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-4830/1 Совет на општина Струмица
18.07.2006 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

......................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за висината на цени за издавање на продажни места и други пазарни услуги

1. Се објавува, Одлуката за давање согласност на Одлуката за висината на цени за издавање на продажни места и други пазарни услуги донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 17.07.2006 година.

Број 08- 4831/2 Градоначалник
18.07.2006год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

............................

**96.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Сл. весник на РМ" бр.38/96) и член 20 од Статутот на општина Струмица-тречистен текст (" Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 17.07.2006 година, донесе

**Одлука**
**за давање согласност на Одлуката за висината на цени за издавање на продажни места и други пазарни услуги**

1.Се дава согласност на Одлуката за висината на цените за издавање на продажни места и други пазарни услуги донесена од Управниот одбор на ЈПКД "Комуналец" Струмица на седницата одржана на 13.06.2006 година.

2.Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-4831/1 Совет на општина Струмица
18.07.2006 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за висината на цените за вршење на погребални услуги на Градските гробишта-Струмица

1. Се објавува, Одлуката за давање согласност на Одлуката за висината на цените за вршење на погребални услуги на Градските гробишта - Струмица донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 17.07.2006 година.

Број 08- 4832/2 Градоначалник
18.07. 2006год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………

**97.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Сл. весник на РМ" бр. 38/96) и член 20 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06),

Советот на општина Струмица на седницата одржана на 17.07.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање согласност на Одлуката за висината на цените за вршење на погребални услуги на Градските гробишта-Струмица**

1. Се дава согласност на Одлуката за висината на цените за вршење на погребални услуги на Градските гробишта-Струмица, донесена од Управниот одбор на ЈПКД "Комуналец" Струмица на седницата одржана на 13.06.2006 година.

2.Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во " Сл. гласник на општина Струмица"

Бр. 07-4832/1 Совет на општина Струмица
18.07.2006 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

.................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за висината на цените за вршење на погребални услуги на Градските гробишта-Струмица по барање на странките

1. Се објавува, Одлуката за давање согласност на Одлуката за висината на цените за вршење на погребални услуги на Градските гробишта-Струмица, по барање на странките, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 17.07.2006 година.

Број 08- 4833/2 Градоначалник
18.07.2006год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………

**98.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Сл. весник на РМ" бр. 38/96) и член 20 од Статутот на општина Струмица-тречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 17.07.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање согласност на Одлуката за висината на цените за вршење на погребални услуги на Градските гробишта-Струмица по барање на странка**

1. Се дава согласност на Одлуката за висината на цените за вршење на погребални услуги на Градските гробишта-Струмица по барање на странка , донесена од Управниот одбор на ЈПКД "Комуналец" Струмица на седницата одржана на 13.06.2006 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица"

Бр. 07-4833/1 Совет на општина Струмица
18.07.2006 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

....................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за давање согласност на Статутот на Домот за деца и млади "Благој Мучето" Струмица

1. Се објавува, Одлуката за давање согласност на Статутот на Домот за деца и млади "Благој Мучето" Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 17.07.2006 година.

Број 08- 4832/2 Градоначалник
18.07.2006год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

**99.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица "Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 17.07.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање на согласност на Статутот на Домот за деца и млади "Благој Мучето" Струмица**

1. Се дава согласност на Статутот на Домот за деца и млади "Благој Мучето" Струмица, донесен од Управниот одбор на

Домот на седница одржана на 26.06.2006 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-4834/1 Совет на општина Струмица
18.07.2006 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

....................

**100.**

Врз основа на член 98 став 2, 3, 9 и 10, член 98-а став 9, 10 и 14 од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование ("Сл. весник на РМ" бр. 63/04) и член 38 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06 - пречистен текст) по предлог од Училишниот одбор на ОУ "Никола Вапцаров" - Струмица, бр. 03-264/1 од 23.06.2006 година, донесувам

**Р е ш е н и е**
**за избор на директор на ОУ "Никола Вапцаров" - Струмица**

1. За директор на ОУ "Никола Вапцаров" - Струмица се избира ЕЛЕНА КАРАКАШЕВА - НАЈДОВА, дипломиран психолог.

2. Мандатот на избраниот директор трае четири години.

3. Избраниот директор е должен во рок од една година од донесувањето на ова решение да го положи испитот за директор.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица"

**О б р а з л о ж е н и е**

По Одлука бр. 08-3297/1 од 23.05.2006 година, донесена од градоначалникот на општина Струмица, Училишниот одбор на ОУ "Никола Вапцаров" - Струмица, согласно одредбите од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование, на ден 06.06.2006 година во дневниот весник "Утрински весник" објави јавен оглас за избор на директор на училиштето.

По спроведената постапка согласно закон, Училишниот одбор на ОУ "Никола Вапцаров" - Струмица, на 23.06.2006 година до градоначалникот на општина Струмица поднесе предлог кандидатот Елена Каракашева Најдова да биде избрана за директор на училиштето.

Во член 98-а став 10 од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование е утврдено дека "градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот од УО избира директор на основното училиште".

Врз основа на наведеното е донесено решение како во диспозитивот.

**Правна поука**: Во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор на основното училиште, против ова решение може да се изјави жалба до Второстепената комисија на Владата на РМ, во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

Бр. 08-3297/14 Општина Струмица
12.07.2006 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

................

**101.**

Врз основа на член 98 став 2, 3, 9 и 10, член 98-а став 9, 10 и 14 од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование ("Сл. весник на РМ" бр. 63/04) и член 38 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06-пречистен текст) по предлог од Училишниот одбор на ОУ "Видое Подгорец"-Струмица, бр. 04-193/1 од 23.06.2006 година, донесувам

**Р е ш е н и е**
**за избор на директор на ОУ "Видое Подгорец"-Струмица**

1. За директор на ОУ "Видое Подгорец"-Струмица се избира НАТАША ХАЏИ-ЕЛЕНОВА, професор по одделенска настава.

2. Мандатот на избраниот директор трае четири години.

3. Избраниот директор е должен во рок од една година од донесувањето на ова решение да го положи испитот за директор.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица"

**О б р а з л о ж е н и е**

По одлука бр. 08-3297/1 од 23.05.2006 година, донесена од градоначалникот на општина Струмица, Училишниот одбор на ОУ "Видое Подгорец" - Струмица, согласно одредбите од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование, на ден 02.06.2006

година објави јавен оглас за избор на директор на училиштето.

По спроведената постапка согласно закон, Училишниот одбор на ОУ "Видое Подгорец"-Струмица, на 23.06.2006 година до градоначалникот на општина Струмица поднесе предлог кандидатот Наташа Хаџи-Еленова да биде избрана за директор на училиштето.

Во член 98-а став 10 од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование е утврдено дека "градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот од УО избира директор на основното училиште".

Врз основа на наведеното е донесено решение како во диспозитивот.

**Правна поука**: Во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор на основното училиште, против ова решение може да се изјави жалба до Второстепената комисија на Владата на РМ, во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-3297/10 | Општина Струмица |
| 12.07.2006 год. | Градоначалник |
| С т р у м и ц а | Зоран Заев с.р. |

………………..

**102.**

Врз основа на член 98 став 2, 3, 9 и 10, член 98-а став 9, 10 и 14 од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование ("Сл. весник на РМ" бр. 63/04) и член 38 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06-пречистен текст), по предлог од Училишниот одбор на ОУ "Св. Кирил и Методиј"с. Дабиља-општина Струмица, бр. 03-324/1 од 28.06.2006 година, донесувам

**Р е ш е н и е**
**за избор на директор на ОУ "Св. Кирил и Методиј" с. Дабиље -Општина Струмица**

1. За директор на ОУ "Св. Кирил и Методиј" с. Дабиље - Општина Струмица се избира АНИЦА ПАНОВА, дипломиран професор по математика

2. Мандатот на избраниот директор трае четири години.

3. Избраниот директор е должен во рок од една година од донесувањето на ова решение да го положи испитот за директор.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица"

**О б р а з л о ж е н и е**

По одлука бр. 08-3297/1 од 23.05.2006 година, донесена од градоначалникот на општина Струмица, Училишниот одбор на ОУ "Св. Кирил и Методиј"- с. Дабиље, Општина Струмица, согласно одредбите од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование, објави јавен оглас за избор на директор на училиштето.

По спроведената постапка согласно закон, Училишниот одбор на ОУ "Св Кирил и Методиј" с. Дабиља-општина Струмица, на 28.06.2006 година до градоначалникот на општина Струмица поднесе предлог кандидатот Аница Панова да биде избрана за директор на училиштето.

Во член 98-а став 10 од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование е утврдено дека "градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот од УО избира директор на основното училиште".

Врз основа на наведеното е донесено решение како во диспозитивот.

**Правна поука**: Во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор на основното училиште, против ова решение може да се изјави жалба до Второстепената комисија на Владата на РМ, во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-3297/11 | Општина Струмица |
| 12.07.2006 год. | Градоначалник |
| С т р у м и ц а | Зоран Заев с.р. |

……………...

**103.**

Врз основа на член 98 став 2, 3, 9 и 10, член 98-а став 9, 10 и 14 од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование ("Сл. весник на РМ" бр. 63/04) и член 38 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06-пречистен текст) по предлог од Училишниот одбор на ОУ "Даме Груев"-с. Куклиш, општина Струмица, бр. 03-264/1 од 23.06.2006 година, донесувам

**Р е ш е н и е**
**за избор на директор на ОУ "Даме Груев"- с. Куклиш, Општина Струмица**

1. За директор на ОУ "Даме Груев"- с. Куклиш, општина Струмица се избира ЕЛИЗАБЕТА ДОНЧЕВСКА ЛУШИН, дипломиран педагог

2. Мандатот на избраниот директор трае четири години.

3. Избраниот директор е должен во рок од една година од донесувањето на ова решение да го положи испитот за директор.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица"

**О б р а з л о ж е н и е**

По одлука бр. 08-3297/1 од 23.05.2006 година, донесена од градоначалникот на општина Струмица, Училишниот одбор на ОУ "Даме Груев"- с. Куклиш, општина Струмица, согласно одредбите од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование, на ден 03.06.2006 година објави јавен оглас за избор на директор на училиштето.

По спроведената постапка согласно закон, Училишниот одбор на ОУ "Даме Груев"-с. Куклиш, општина Струмица, на 29.06.2006 година до градоначалникот на општина Струмица поднесе предлог кандидатот Елизабета Дончевска Лушин да биде избрана за директор на училиштето.

Во член 98-а став 10 од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование е утврдено дека "градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот од УО избира директор на основното училиште".

Врз основа на наведеното е донесено решение како во диспозитивот.

**Правна поука**: Во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор на основното училиште, против ова решение може да се изјави жалба до Второстепената комисија на Владата на РМ, во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

Бр. 08-3297/12 Општина Струмица
12.07.2006 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………….

**104.**

Врз основа на член 98 став 2, 3, 9 и 10, член 98-а став 9, 10 и 14 од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование ("Сл. весник на РМ" бр. 63/04) и член 38 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06-пречистен текст) по предлог од Училишниот одбор на ОУ "Герас Цунев"- с. Просениково, општина Струмица, бр. 02-116/1 од 26.06.2006 година, донесувам

**Р е ш е н и е**
**за избор на директор на ОУ "Герас Цунев"- с. Просениково, општина Струмица**

1. За директор на ОУ "Герас Цунев"- с. Просениково, општина Струмица се избира МАРИКА ЃЕОРГИЕВА, дипломиран педагог.

2. Мандатот на избраниот директор трае четири години.

3. Избраниот директор е должен во рок од една година од донесувањето на ова решение да го положи испитот за директор.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица"

**О б р а з л о ж е н и е**

По одлука бр. 08-3297/1 од 23.05.2006 година, донесена од градоначалникот на општина Струмица, Училишниот одбор на ОУ "Герас Цунев"- с. Просениково, општина Струмица, согласно одредбите од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование, на ден 05.06.2006 година во дневниот весник "Утрински весник" објави јавен оглас за избор на директор на училиштето.

По спроведената постапка согласно закон, Училишниот одбор на ОУ "Герас Цунев"- с. Просениково, Општина Струмица, на 26.06.2006 година до градоначалникот на општина Струмица поднесе предлог кандидатот Марика Ѓеоргиева да биде избрана за директор на училиштето.

Во член 98-а став 10 од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование е утврдено дека "градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот од УО избира директор на основното училиште".

Врз основа на наведеното е донесено решение како во диспозитивот.

**Правна поука**: Во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор на основното училиште, против ова решение може да се изјави жалба до Второстепената комисија на Владата на РМ, во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

Бр. 08-3297/15 Општина Струмица
12.07.2006 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р

……………..

**105.**

Врз основа на член 98 став 2, 3, 9 и 10, член 98-а став 9, 10 и 14 од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование ("Сл. весник на РМ" бр. 63/04) и член 38 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06-пречистен текст) по предлог од Училишниот одбор на ОУ "Маршал Тито"-Струмица, бр. 04-100/1 од 28.06.2006 година, донесувам

**Р е ш е н и е**
**за избор на директор на ОУ "Маршал Тито" - Струмица**

1. За директор на ОУ "Маршал Тито"-Струмица се избира СНЕЖАНА КОЛЕВА, професор по физичко и здравствено образование.
2. Мандатот на избраниот директор трае четири години.
3. Избраниот директор е должен во рок од една година од донесувањето на ова решение да го положи испитот за директор.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица"

**О б р а з л о ж е н и е**

По одлука бр. 08-3297/1 од 23.05.2006 година, донесена од градоначалникот на општина Струмица, Училишниот одбор на ОУ "Маршал Тито"-Струмица, согласно одредбите од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование, објави јавен оглас за избор на директор на училиштето.

По спроведената постапка согласно закон, Училишниот одбор на ОУ "Маршал Тито"-Струмица, на 28.06.2006 година до градоначалникот на општина Струмица поднесе предлог кандидатот Снежана Колева да биде избрана за директор на училиштето.

Во член 98-а став 10 од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование е утврдено дека "градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот од УО избира директор на основното училиште".

Врз основа на наведеното е донесено решение како во диспозитивот.

**Правна поука**: Во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор на основното училиште, против ова решение може да се изјави жалба до Второстепената комисија на Владата на РМ, во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

Бр. 08-3297/16 Општина Струмица
12.07.2006 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………….

**106.**

Врз основа на член 98 став 2, 3, 9 и 10, член 98-а став 9, 10 и 14 од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование ("Сл. весник на РМ" бр. 63/04) и член 38 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06-пречистен текст) по предлог од Училишниот одбор на ОУ "Маршал Тито"- с. Муртино, Општина Струмица, бр. 03-264/1 од 23.06.2006 година, донесувам

**Р е ш е н и е**
**за избор на директор на ОУ "Маршал Тито"- с. Муртино, Општина Струмица**

1. За директор на ОУ "Маршал Тито"- с. Муртино, Општина Струмица се избира ВИОЛЕТА МИЛКОВА, наставник по историја.
2. Мандатот на избраниот директор трае четири години.
3. Избраниот директор е должен во рок од една година од донесувањето на ова решение да го положи испитот за директор.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица"

**О б р а з л о ж е н и е**

По одлука бр. 08-3297/1 од 23.05.2006 година, донесена од градоначалникот на општина Струмица, Училишниот одбор на ОУ "Маршал Тито"- с. Муртино, општина Струмица, согласно

одредбите од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование, објави јавен оглас за избор на директор на училиштето.

По спроведената постапка согласно закон, Училишниот одбор на ОУ "Маршал Тито"- с. Муртино, општина Струмица, на 23.06.2006 година до градоначалникот на општина Струмица поднесе предлог кандидатот Виолета Милкова да биде избрана за директор на училиштето.

Во член 98-а став 10 од Законот за измени и дополнување на законот за основно образование е утврдено дека "градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот од УО избира директор на основното училиште".

Врз основа на наведеното е донесено решение како во диспозитивот.

**Правна поука**: Во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор на основното училиште, против ова решение може да се изјави жалба до Второстепената комисија на Владата на РМ, во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

Бр. 08-3297/13 Општина Струмица
12.07.2006 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………...

**107.**

Врз основа на член 12 точка 2, 7, 8 и 9 од Законот за библиотеките (“Сл. весник на РМ” бр. 66/04) и член 38 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06-пречистен текст) по предлог од Управниот одбор на Локалната установа - библиотека “Благој Јанков Мучето” - Струмица, бр. 03-91/1 од 10.07.2006 година, донесувам

**Р е ш е н и е**
**за избор на директор на ЛУБ “Благој-Јанков Мучето”-Струмица**

1. За директор на ЛУБ “Благој Јанков Мучето” - Струмица се избира ТАЊА ГОШЕВА, дипломиран историчар на уметноста со археологија.

2. Мандатот на избраниот директор трае четири години.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Струмица”

**О б р а з л о ж е н и е**

По одлука бр. 08-4009/1 од 23.06.2006 година, донесена од градоначалникот на општина Струмица, согласно одредбите од Законот за библиотеки, на ден 03.07.2006 година во дневниот весник “Дневник” беше објавен јавен оглас за избор на директор на Локалната установа-библиотека “Благој Јанков Мучето”-Струмица.

По спроведената постапка согласно закон, Управниот одбор на Локалната установа-библиотека “Благој Јанков Мучето”-Струмица , на 10.07.2006 година до градоначалникот на општина Струмица поднесе предлог кандидатот Тања Гошева, со звање виш библиотекар да биде избрана за директор на ЛУБ “Благој-Јанков Мучето”-Струмица.

Во член 12 точка 2 и 7 од Законот за библиотеки е утврдено дека, “градоначалникот го избира и разрешува директорот на библиотеката” односно “градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот од Управниот одбор врши избор на директор” .

Врз основа на наведеното е донесено решение како во диспозитивот.

**Правна поука**: Во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор на библиотеката, против ова решение може да се изјави жалба до Второстепената комисија на Владата на РМ, во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

Бр. 08-4850/13 Општина Струмица
18.07.2006 год. Градоначалник с.р.
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.